Лазар НИКОДИМОВСКИ

# САМОУПРАВУВАЊЕТО И ОСЛОБОДУВАЊЕТО НА ТРУДОТ ВО СВЕТЛИНАТА НА МАРКСОВОТО УЧЕЊЕ

Современиот развој на материјалните производни сили, а пред сè настанувањето на моќни средства за производство, условено од научно-техничката револуција, доведе до сè подлабока и поширока поделба на трудот и до растеж на неговата продуктивност и неговата севкупна култура. Напоредно со тој и таквиот развој на производните сили се развивал и самиот носител на трудот, самиот работник како произведувач на вредности, а растела и неговата севкупна способност, неговата општествена свест и неговата култура. Во услови на таков несомнен прогрес на материјалниот и личниот чинител на производните сили на општеството, денес во сè позаострена форма се наметнува прашањето за доведување во согласност на улогата на работникот како управувач со неговата улога на производител, и тоа на микро и макро општествен план, бидејќи стариот систем на односи и институции се покажува како надживеан и несоодветен на новите производни сили и новата улога на работникот — производител.

Токму со оваа противречност помеѓу новите производни сили и производствените односи, како главна противречност на современиот свет, можат да се објаснат кризните состојби низ кои минува современото општество, како и целокупниот период на револуционерна борба на работничката класа кој трае од нејзиното настанување до денес. Благодарение на таа борба на работничката класа настанува и теоријата и практиката на социјализмот и комунизмот, чие остварување објективно, општествено-историски најтесно и се поврзува со револуционерната борба на работничката класа. Се покажало дека самото остварување на таа и таквата мисија на работничката класа подразбира подлабоко и посестрано општествено и економско ослобо-

дување на трудот (работникот) — бидејќи, се додека не се ослободи трудот не може да се ослободи ни човекот, а без слобода на единката нема слободно општество. Станува збор за ослободување, кое пред сè, објективно е поврзано со постојаниот растеж на производните сили, со самата општествена положба и улога на носителот на трудот и творештвото, за улогата на самоорганизацијата и самоодлучувањето на работничката класа, која, вршејќи ја улогата на најзначајна сила на идното општество, и самата се преобразува станувајќи општество на слободна асоцијација на непосредни производители. А ова ослободување на трудот (работникот) „мора да биде дело на самата работничката класа“ — истакнува Маркс. Тој Марксов став укажува на фактот, дека самата работничка класа, а не некој друг во нејзино име, е субјект на нејзината револуционерна борба сè до своето конечно ослободување.

Поаѓајќи токму од овие основни Марксови ставови за иднината на човековото општество, која тој ја гледа во повторното соединување на човекот со природата ,како однос кој одговара на човешката природа на самиот човек, нашите разгледувања на проблемот на самоуправувањето и ослободувањето на трудот ќе ги опфатат следниве аспекти:

Прво, во што се состои суштината на Марксовото сфаќање за отуѓувањето, на човекот, за условите во кои тоа се манифестира и облиците во кои се појавува;

Второ, кои се, според Марксовата визија, патиштата и основните претпоставки за надминување на отуѓувањето, односно ослободувањето на човекот и воспоставувањето заедница на производители, односно таков облик на асоцијација во која „слободниот развиток на единката е предуслов за слободен развиток на сите“.

Трето, зошто самоуправувањето во југословенската теорија и практика е прифатено како конкретен облик на историскиот процес на ослободувањето на трудот во Марксова смисла на зборот.

Проучувајќи ги законите на развитокот на човечкото општество, Маркс ја утврдува суштината на отуѓувањето на човекот, факторите што ги условуваат, неговите појавни облици и нивните карактеристики, како од филозофска така и од социолошка гледна точка. Притоа, тој, откривајќи ги генералните за-

конитости од развитокот на општеството, во најопшто црти ги формулирал и основните претпоставки за надминувањето на отуѓувањето и остварувањето вистинска човечка заедница која дава можности за максимално можно остварување на потенциите, склоностите и потребите на човекот како единка.

Маркс во мисловното оформување на теоријата за отуѓувањето, низ критичката анализа на капитализмот и капиталистичкиот начин на производство, поаѓа од премисата „дека економијата го крие отуѓувањето во суштината на трудот, на тој начин што одбегнува да го разгледува непосредниот однос меѓу работникот и производството“ („Рани трудови“). Суштината на граѓанската економија е во тоа што таа не се обидува да сфати и да објасни дека трудот „произведува чудесни дела за богатите, а осиромашување на работниците; дека произведува палати, а за работниците колиби; дека произведува убавини, а за работниците осакатување; дека трудот се заменува со машини, но еден дел работници враќа назад во варварска работа, а друг дел претвора во машини; дека произведува дух, а за работниците глупост и кретенизам“. („Рани трудови“).

Сфаќајќи ги овие својства на трудот, Маркс настојува да ги испита и објасни корените на отуѓувањето и тоа: зошто самораѓањето на човекот едновремено се покажува како загуба на генеричката суштина?

Каде ги открива тој корените на отуѓувањето на човекот?

Познато е дека во фокусот на Марксовата критика анализа на капиталистичкиот начин на производство, засновано врз приватна сопственост над средствата за производство и врз условите на трудот, се наоѓа положбата на работникот во тоа производство, т.е. односот меѓу работникот и капиталистот односно односот меѓу трудот и капиталот. Тука како институцијализиран капитал се појавува претпријатието, па оттаму и односот меѓу работникот и капиталистот се покажува како однос помеѓу работникот и претпријатието. Укажувајќи на содржината на тој однос Маркс пишува:

> „Работниците како независни личности се единки кои стапуваат во однос со ист капитал, но не и меѓу себе. Нивната кооперација почнува дури во процесот на трудот, меѓутоа, во процесот на трудот тие веќе престанале да припаѓаат на себе си. Штом ќе влезат во тој процес, тие стануваат едно тело со капиталот. Како кооперанти, како екстремитети на еден организам, тие се само посебен начин на егзистенција на капиталот“. („Капиталот“)

Тука Маркс укажува на суштествената страна на продукционите односи во капитализмот. Имено, работникот како сопственик на работна сила, а лишен од сопственоста над средст-

вата за производство е исправен пред единствената алтернатива — својата работна сила да му ја стави на располагање на капиталистот, воспоставувајќи на тој начин со него наемен работен однос. Во таква констелација на односи, проблематиката околу организацијата на работниот процес, употребата и искористувањето на работната сила, вклучувајќи го и усогласувањето на односите во текот на производствениот процес, е првенствено право на оној што ја плаќа нејзината употреба и ги присвојува резултатите од таа употреба. Маркс тие односи ги илустрира со зборовите:

> „Поврзувањето на нивните функции (се мисли на функциите на работниците — заб. Л.Н) во едно единство како целосно производствено тело лежи надвор од нив, во капиталот кој ги собира и ги држи во заедница". (Ибидем).

Податливото на оваа Марксова анализа за положбата на работникот во капиталистичкото претпријатие (како положба на отуѓеност) за нашава тема бездруго, се огледува во тоа, што нè наведува на заклучокот дека трансформацијата на претпријатието, како институција во услови на социјалистичка преобразба на општеството, во смисла на самоуправна работна асоцијација на доброволно и свесно обединети работници, претпоставува — укинување на наемниот работен однос и ослободување на трудот, односно претворање на работниците од обични извршители во активни субјекти, чија што кооперација во процесот на трудот треба да стане функција на самите нив.

Маркс при проучувањето на отуѓувањето на трудот предупредува на еден факт, кој се чини, има посебно значење кога станува збор за феноменот на отуѓувањето, а имено, дека кога се зборува за трудот тогаш непосредно станува збор за човекот. Според тоа, човекот е работник и коренот на неговото отуѓување е неговата генерична дејност, т.е. о т у ѓ у в а њ е т о н а т р у д о т. Со трудот овекот создава свои предемти, свои животни средства, но тие предмети, тие животни средства стануваат животни средства за друг. Тие се отуѓуваат од работникот, од производителот. Затоа трудот, како предметно потврдување на човекот, се покажува не само како присвојување туку и како загуба на суштинските сили, а очовечувањето како — обесчовечување. Маркс со право констатира, дека во такви услови човекот носи чувство оти не припаѓа на себеси туку на некој друг, кое произлегува оттаму што трудот се извршува од нужда и принуда, мотивиран исклучиво од физичко-економската неопходност. Трудот како таков тука ги нема атрибутите на слободна човечка дејност, како својство кое потенцијално човекот го прави човек, туку тој станува принуда, тормозење на човекот, обесчовечување, отуѓување. Оттаму и Марксовата консек-

вентност во заклучувањето дека трудот, човековата дејност, е оној изворен облик во кој лежи коренот не само на сите облици и димензии на човековото самоостварување, самопотврдување, туку и на неговото самоотуѓување. Доследен на тој свој став, Маркс концепирајќи ја теоријата на отуѓувањето во еден филозофско-антрополошки и социолошки контекст, настојува да ги открие фундаментите на отуѓувањето, трагајќи при тоа за вистинскиот извор во кој е вкоренето севкупното отуѓување на човекот. Речено со филозофски речник, тој изворот на тоталитетот на отуѓувањето на човекот го наоѓа во о т у ѓ е н и о т т р у д, поаѓајќи при тоа од поимот ч о в е ч к а п р и р о д а којашто историски се остварува. Социолошкиот, пак, аспект на отуѓувањето подразбира конкретни форми на отуѓеност на човекот во класното општество установени преку социолошка анализа на класната структура на општеството. Тука станува збор за отуѓување кое човекот го доживеа како припадник на класа, отуѓеност од неговиот социјабилитет во државата. Потоа отуѓеност на човекот што произлегува од економската анализа на продукциониот однос во класното општество, кака, на пример, отуѓувањето на работникот во мануфактурното, во машинизираното производство, економска пауперизација и пропаѓање на работникот во услови на експлоатација и сл.

За кои карактеристични облици на отуѓувањето на трудот, на човековата дејност, зборува Маркс? Тој зборува за три облика на изразување на човековото отуѓување: отуѓувањето на производите на трудот од производителот, отуѓувањето во актот на производството и отуѓувањето на човекот од човек. Првите два вида на отуѓување Маркс ги подведува под поимот „отуѓен труд“ како две страни на еден ист процес. Еве што вели по тој повод Маркс:

> Меѓутоа отуѓувањето не се покажува само во резултатот, туку во актот на производството, во самата п р о и з в о д с т в е н а д е ј н с т. Како може работникот туѓо да му се противстави на производот од сопствената дејност, ако во актот на производството самиот не се отуѓил. Производот е само 'резиме' на дејноста, на производството... Во отуѓувањето на предметот на трудот се резимира самото отуѓување, отуѓувањето во самата дејност на трудот". (Рани трудови").

Тука се работи за двојно отуѓување: прво, преку трудот кој станува предмет, надворешна и туѓа сила на човекот, која има самостојна егзистенција (наместо да биде труд како човекова суштинска генерична моќ, самодејност) и второ, преку *предметот* кој иако е производ на работниковиот труд тој не му припаѓа нему, туку и тој му се противставува на производителот како сила независна од него. Поинаку речено, производот на трудот се отуѓува од производителот, бидејќи како при-

ватна сопственост му припаѓа на непроизводителот, сопственикот на средствата за производство, па затоа производителот не учествува во одлучувањето на натамошната судбина и распределба на сопствениот производ. И во едниот и во другиот случај човекот се отуѓува од самиот себе, бидејќи прво му се отуѓува неговата човечка моќ, имено, трудот како творечка дејност, со која тој се создава себеси и својата историја, и второ неговата човечка потреба — да работи и да ужива во резултатите на сопствената дејност. Ова ќе рече дека резултатот на трудот не служи како средство за непосредно задоволување на потребите на неговиот творец, кој до него доаѓа посредно, бидејќи резултетот на трудот не е повеќе средство за задоволување на човековите потреби туку станува цел за себе. Во тој процес на отуѓување изнајмениот труд, чии производи, како што рековме, се отуѓени, и самиот претставува *отуѓен труд, како* што констатира Маркс, бидејќи тој станува средство за физичка егзистенција, а не само цел на генеричкиот карактер на човекот. Со самото тоа тој повеќе не може да опстојува како доброволна дејност. Во таков случај работникот трудот го доживува како наметнат и надворешен труд мотивиран исклучиво од потребата за обезбедување средства за одржување на физичката егзистенција. Оттаму и чувството кај работникот дека во процесот на трудот тој — како што вели Маркс — не припаѓа на себеси туку на друг (на капиталистот).

Отуѓувањето на човекот од човек е непосредна последица на отуѓувањето на производите на трудот и самата работна дејност. И во едниот и во другиот случај, како што видовме, човекот се отуѓува себеси, бидејќи му се отуѓува неговата суштинска моќ — трудот како негова творечка дејност, па оттаму и неговото чувство дека „не припаѓа на себеси туку на некој друг" (Маркс).

Стоковното производство претставува отуѓување на човекот како производител, бидејќи, од една страна, го претвора во „работник", односно, во парцијализиран производител на стоки, а од друга во „стока", односно во индивидуа која единственото добро со кое може да располага за да обезбеди средства за физичка егзистенција е нејзината работна сила. Трката за профит и за максимално искористување на резултатите на трудот на работникот и жедта за натрупување на богатства, капиталистот го доведуваат во положба спрема работникот да се однесува не како спрема цел туку како спрема средство кое му обезбедува профит. И работникот кој е лишен од средства за производство капиталистот го доживува не како цел туку — како средство, кое му обезбедува наемнина. Значи, капиталистот и работникот се однесуваат меѓу себе како два антипода кои се отуѓени еден од друг. Впрочем, иманентно е на капиталистичкото општество тоа што луѓето во него се среќаваат како продавачи и купувачи на

стока. Основен мотив во меѓучовечките односи претставува економската добивка и егоистичниот интерес. Во тие и такви услови човекот се отуѓува од човек и затоа што се затвора во себе си, во сопствената приватна сфера, ги прекинува врските што го поврзуваат со другите луѓе како општествено суштество. Во реалниот живот егоизмот и конкурентската борба стануваат основен закон на меѓусебното однесување на луѓето.

Се чини дека анализата на Марксовата теорија на отуѓувањето на човекот во процесот на трудот, не исправува пред едно прашање од сферата на тоталитетот на отуѓувањето, кое е од непосреден интерес за нашава тема на расправа, а кое би можело да се формулира на следниов начин: дали според Маркс економското отуѓување е единствениот вид во кој доаѓа до деградација на човекот и до губење на неговата генеричка суштина?

Нашиот одговор би бил — економското отуѓување не е единствениот вид. Зошто?

Фактот дека Маркс својата хипотеза за отуѓувањето на човекот ја верифицирал токму во сферата на економските односи, тоа никако не значи дека тој отуѓувањето го сведува исклучиво на економска категорија, затоа што неговиот корен го бара и го наоѓа во отуѓувањето на трудот како негова генерична дејност. Тој, доследен на својот дијалектички метод, во осмислувањето на својата теорија за отуѓувањето, поаѓа токму од економското отуѓување, бидејќи е цврсто уверен во тоа дека трудот е коренот и јадрото на сите облици и димензии на самоостварувањето на човекот, дури и на неговото самоотуѓување. Веднаш при тоа треба да се напомене фактот дека Маркс на поимот „труд" како творечка, универзална самодејност, му придава поинаква содржина (а не само економска). Не навлегувајќи во подлабока анализа на Марксовата одредба за трудот, ќе укажуваме, лапидарно, само на некои негови квалитативни одредници, кои би ни ја доловиле содржината и суштината на трудот што му ја придава Маркс. Прво, трудот за Маркс е „вечен природен услов" за човековата егзистенција; второ, тој е целесообразна дејност, творечки акт кој го имплицира човечкиот избор на целта, целисходна волја; трето, преку трудот човекот се развива, се менува и се афирмира како едновремено индивидуално и генеричко суштество, бидејќи таа дејност „ги развива потенциите што дремат во него". Како таков трудот му е својствен само на човекот и тој е краен услов за негова човечка егзистенција (индивидуална и социјална). На крајот, трудот, според Маркс, е творец на човековата историја. Сходно со тоа, категориите, кои се во средиштето на Марксовата теорија за отуѓувањето како што се: трудот како производствен процес, осиромашувањето на работникот, отуѓувањето на производите на трудот, итн. инт., иако кај Маркс имаат економска форма, тие,

бездруго, имаат поширока содржина. Тој со помош на овие категории го открива вистинскиот корен на сите облици и димензии на отуѓувањето на тоталитетот на човекот (социо-економско, политичко, етичко, духовно, религиозно итн.). Со други зборови, кога Маркс го истакнува сознанието дека коренот на тоталитетот на отуѓувањето на човекот (работникот) лежи во алиенацијата која тој ја доживува во процесот на трудот, евидентно е дека тој на проблемот на отуѓувањето не му пристапува само економски, туку пошироко и посеопфатно, настојувајќи да го открие вистинскиот извор на отуѓувањето на човекот како човек (а не само производител), односно отуѓувањето на генеричката суштина на човекот.

Да резимираме. Отуѓувањето како феномен, според Маркс се појавува во првите почетоци на класното општество, па, според тоа, тоа има класен карактер. Значи, отуѓувањето припаѓа на човековата историја, што ќе рече, тоа е ограничено со рамките на општествените збиднувања, па соодветно на општествените промени и самото доживува трансформации, менувајќи ги формите и содржината. Така би можело да се зборува за класни форми на отуѓување, но и за специфични форми кои настануваат и во услови на укинување на класното општество, т.е. во преодниот период од капитализам кон комунизам. Класното општество ја определува динамиката и правецот на развитокот на човекот како човечко суштество, ограничувајќи му ги условите за целосно и сестрано остварување, на начин што ги прикрива општествените односи со отуѓени форми на општественост. Така во модерното, капиталистичкото општество, засновано врз експлоатација и класни односи, и покрај засиленоста на општественоста, место да се воспостави вистинска заедница, се формираат разни облици на привидни заедници, како ,сурогати" во кои постојат парцијални можности за слободен развиток на личноста, и тоа само за привилегираните делови на општеството.

Отуѓениот труд ги има следниве карактеристики: средствата за производство се во приватна сопственост, што е материјална основа за отуѓувањето на трудот. Отуѓувањето на трудот се манифестира така што резултатите на трудот не му припаѓаат на работникот туку на сопственикот на средствата за производство. Работникот во процесот на трудот не припаѓа на себеси туку на сопственикот на средствата за производство. Таквите односи во процесот на трудот се рефлектираат и врз односите во општеството, кои исто така се покажуваат како отуѓени. Општественото битие на работникот е отуѓено од другите општествени битија. Дури во определена смисла, посебно во капитализмот, поради конкуренцијата, работникот како сопственик на

својата работна сила како стока е отуѓен од другиот работник. Таквата суштина на односите меѓу луѓето во самиот процес на трудот доведува до тоа самиот процеса на работа да се појавува како нешто спротивставено на работникот што е и суштината на отуѓувањето на трудот.

x

„Ослободувањето на работничката класа мора да биде дело на самата работничка класа“.

К. Маркс

Како што видовме Марксовото критичко испитување на феноменот на отуѓувањето започнува со ставот дека коренот на отуѓувањето на човекот — работник е неговата генеричка суштина, т.е. о т у ѓ у в а њ е т о н а т р у д о т. Со трудот човекот создава свој предметен свет, свои животни средства, но тие предмети, тие животни средства стануваат животни средства за друг; тие од него се отуѓуваат. Така изразувањето на генеричката дејност, човековата производствена дејност, се покажува како отуѓување. Затоа трудот, како човеково предметно потврдување, се покажува во двојна светлина: како афирмација на човекот како своевидно општествено суштество — бидејќи тој и понатаму ја очовекува природата, давајќи ѝ свој човечки облик; но и како процес на отуѓување, бидејќи од работникот се отуѓуваат резултатите на неговиот труд, а и самиот труд како суштествен израз на неговите творечки можности.

Во контекстот на таквото социофилозофско поимање на трудот — како слободна човечка дејност, фактор кој човекот го прави човек — Маркс ги формулирал и основните претпоставки за укинувањето на отуѓувањето како процес на укинување на наемниот работен однос (својствен на капиталистичкото општество) и на о с л о б о д у в а њ е т о н а т р у д о т како и на конституирањето на новата општествена структура во з а е д н и ц а н а п р о и з в о д и т е л и т е. „На местото на буржоаското општество со неговите класи и класни спротивности стапува здружувањето — истакнува Маркс во кое слободниот развиток на секој поединец е услов за слободен развиток на сите”. („Манифестот на комунистичката партија”). Значи, Маркс општеството кое настанува со надминувањето на капиталистичкиот начин на производството го означува како асоцијација во која бројните индивидуални работни сили самосвесно се трошат како една општествена работна сила.

Имајќи го предвид посебното значење на Марксовата визија за идната општествена структура сфатена како вистинска човекова заедница, за развојот на самоуправувањето и самоуправните односи како основа и израз на нашето општествено битие,

во натамошните излагања ќе се осврнеме врз основните Марксови претпоставки за надминувањето на отуѓувањето, на човекот за неговото ослободување, односно за ослободувањето на трудот и за конституирањето на општеството во заедница на производители, односно самоуправна асоцијација.

Маркс останувајќи доследен на својот хуманизам, врз начелата на хуманизмот во предвидувањето иднината на човечкото општество — како општество на слободен труд, тој и во мисловното формирање на процесот на дезалиенацијата во фокусот на своите размислувања пак го има човекот — работникот и неговото вистинско место и улога во процесот на трудот, сфатен како слободна човечка дејност, а не труд од нужда и принуда. Настојувајќи, во духот на своето сфаќање за човекот да го изведе и своето сфаќање за општеството, тој сите посебни сфери и облици на општествен живот ги подведува под општиот закон на производствената човекова дејност. Во таа хопотетична рамка е ситуирана севкупната негова критика на капиталистичкиот начин на производство и односи и трендот на општествените движења кон нова општествена структура.

Како што имавме можност да видиме, од претходните излагања, Маркс во расправата за коренот на човекот и неговиот свет, човекот не го сфаќа само како природно суштество, туку ч о в е ч к о, природно суштество, т.е. автохтоно човечко суштество, суштество кое постои само за себе, односно родно суштество, кое како такво мора да се потврди и да се докаже како во својата суштина така и во своите знаења. А она што е корен, односно диференција специфика што човекот го чини човек, тоа според него, е п р а к т и к а т а, п р о и з в о д с т в о т о, с л о б о д н а т а ч о в е к о в а д е ј н о с т.

Да не дојде до неразбирање, сметаме за потребно да предупредиме на фактот дека кога Маркс зборува за човекот како таков, тој нема предвид апстрактен човек изолиран од другите луѓе, туку, конкретен човек, човек кој живее во еден вистински, историски настанат и историски опрделен свет. Дека тој така мисли потврдуваат следниве зборови искажани по тој повод:

„Одделниот човек може да се сфати и да се објасни само како општествено суштество кое може да се осами и да се изолира само во општеството". „Индивидуалниот и генеричкиот живот на човекот — продолжува тој — не се нешто различно". Тоа ќе рече дека индивидуата е општествено суштество.

Според тоа и историјата, чиј творец е самиот човек, можно е да се објасни само ако се тргне од човекот како општествено суштество, а не како орудие за историјата. За Маркс нема историја надвор од човековата дејност. Во врска со тоа — тој кажува:

„Историјата не работи ништо, таа нема огромни богатства, таа 'не бие битки'! Напротив, вистинскиот човек, живиот човек е тој кој го работи сето тоа (се мисли на богатството, заб. Л.Н),

го поседува и се бори...; историјата не е ништо друго освен дејност на човекот кој се стреми кон определени цели“.

А сега да видиме како го сфатил Маркс укинувањето на отуѓувањето на човекот — работник и создавањето заедница на слободни луѓе во која човекот ќе биде во состојба да овладее со тоталитетот на производните сили, и да го реализира она што реално му го даваат потенциите на неговиот човечки род.

Маркс иднината на човековото општество ја гледа во создавањето таква човечка асоцијација во која повторно ќе дојде до обединување на човекот со природата, т.е. создавање такви материјално-производствени односи кои ќе одговараат на човекот и на неговата човечка природа, општество во кое трудот ќе претставува човеково предметно потврдување, присвојување на суштествените сили на човекот, односно, очовечување на човекот. Кажано социолошки, се работи за таква општествена структура која дава можности за заснивање на таков систем на општествени односи во кои човекот-работник, како творец на својата сопствена историја, ќе стане господар на својот сопствен општествен живот и слободно суштество во онаа мера во која тој рационално го организира својот животен однос спрема другите како човечки, хуман однос. А воспоставувањето на такво хумано општество, во кое слободата на единката станува услов за слобода на сите има за претпоставка премавнување на сите облици на експлоатација и нехуманост.

Маркс, без претензии во поодделностите да ја дефинира физиономијата на идното општество како асоцијација на слободни производители, тој сепак укажува на некои битни конститутивни елементи на неговото социјално битие. Еве што вели тој:

„Слободата во оваа област (во областа на производствената дејност, заб. Л.Н) се состои во тоа здружениот човек, здружениот производител, рационално да ја организира својата размена на материјата со природата, да ја доведе под своја заедничка контрола, наместо таа да владее со него како некоја слепа сила; да ја извршува со минимално трошење енергија и под услови најдостојни и најадекватни на неговата човечка природа. Но тоа сè уште останува царство на нужноста. Од друга страна на нужноста почнува развитокот на човековата сила што е сам за себе цел, вистинското царство на слободата. Смалувањето на работниот ден е основниот услов за тоа”. („Капиталот”).

Оттука произлегува дека изградувањето на такво хумано општество, според Маркс, претпоставува: повисок степен на развиток на производствените сили од оној што го имале дотогаш; универзална употреба на техниката и технологијата којашто му овозможува да „излезе“ од производството, односно, да се намали работното време, но и квантумот на употребениот труд кој во услови на научно-техничкиот и технолошкиот прогрес не за-

виси од должината на работното време туку од општата состојба на науката како производна сила на трудот и напредокот на техниката и технологијата.

Самиот развиток на материјалните производни сили, а пред сè настанувањето на моќни средства за производство, предизвикан од првата и втората индустриска револуција, доведе до сè подлабока поделба на трудот и до пораст на неговата продуктивност и неговата севкупна култура. Токму тој очевиден прогрес на материјалниот и личниот фактор на производните сили на општеството го интензивира процесот на поопштествување на вкупните производни сили, процесот на репродукцијата на општествените добра и односи. Тоа, пак, од своја страна доведе целиот систем на продукционите, економските и поширокитe општествени врски и односи да стане пообјективен, поширок и подоминантен, поставувајќи го сè понагласено прашањето за фактичката позиција на работникот во тие односи. Поинаку речено, класичната противречност меѓу производните сили и производствените односи тука се манифестира како историска нужност на нивното усогласување на тој начин, што стариот систем на општествени односи, како систем на надградба на општеството, ќе се доведе во хармонија со таа нова природа на модерните и нараснатите производни сили на општеството, и пред сè со тоа што улогата на работничката класа во општеството ќе биде доведена во согласност со нејзината улога во производството.

Врз основа на резултатите на науката и техниката остварен е грандиозен процес на индустријализација и урбанизација, наступува ера на научно-технолошка револуција. Тој и таквиот современ развиток на модерните производни сили доведе до развиток и на самиот носител на трудот — работникот како произведувач на вредности, како носител на трудот и творештвото, како и на неговата севкупна способност, неговата општествена свест, неговата севкупна култура. Сето тоа нужно и со сета острина денес го наметна прашањето за доведувањто во согласност на улогата на работникот како управувач со неговата улога како производител и на потесен и на поширок општествен план. Стариот систем на односи и институции тука се покажува како надминат и несоодветен на новонастанатите производни сили и новата улога на производителот-работникот.

Разрешувањето на таа противречност помеѓу производните сили, кои во себе го вклучуваат и тој нов производител, и застарените производствени и пошироките општествени односи, кои го конституираат системот на општеството, мора да биде, како што нè учи Маркс — производ на револуционерното дејствување на работничката класа засновано, врз нејзината историска мисија на градител на новото општество — социјализам, комунизам. Оттаму и неговиот боен повик дека „ослободување-

то на работничката класа мора да биде дело на самата работничка класа". Основниот лајтмотив на таа нејзина револуционерна активност и историска мисија е — укинувањето на наемниот работен однос — ослободувањето на трудот, и конституирањето на општеството во заедница на слободни производители. Во сите етапи на револуционерната преобразба работничката класа мора да остане решавачки фактор, а никако некој друг во нејзино име, па макар тоа била и социјалистичката држава. Тоа е она што Маркс го наречува самодејност на работничката класа. Тоа е она што во наши услови претставува самоуправен социјализам.

x

Самоуправувањето како општествен однос и процес, чии основи се воспоставени кај нас, претставува посебен израз на движењето од класно кон бескласно општество и нов квалитет во борбата на работничката класа за натамошни и подлабоки промени на современото општество, инспирирана од Марксовите сфаќања за општественото ослободување на трудот и за бескласно социјалистичко општество. Гледано во тој контекст, јасно се наметнува мислата дека самоуправувањето како своевиден процес во развојот на општеството, не е некоја автентична и заокружена општествена целина со свои сопствени законитости, туку една исто така општествено-историски условена преодна етапа", етапа од капитализам преку нашата „прва фаза" административниот социјализам па, до (Марксовата) „асоцијација на слободни производители". Неговото настанување, афирмација и развитокот претставува такво движење во кое класата се пресметува со елементите и остатоците од буржоаското општество и ги афирмира елементите на социјализмот. Со други зборови, се работи за таков развој на општеството кој во себе имплицира — континуитет и дисконтинуитет. Континуитетот се огледува во постојаното акумулирање на производните сили како придобивка на материјалната и духовната култура, облиците на комуникација и сл. кои се пренесуваат од генерација на генерација, без оглед на општествените односи во кои споменатата генерација живее и дејствува. Тој тренд на развој останува како траен елемент на кохезивноста на општеството и ја надживува општествено-економската формација. Дисконтинуитетот на развојот, пак, значи дека начинот на производството својствен на односна формација не е едноставно продолжение нити пак поразвиен облик на претходниот начин на производство, туку претставува негова негација. Тоа ќе рече дека новиот начин на производство, или како што го нарекува Маркс — новиот историски облик, квалитетно се разликува од претходниот; тој се одликува со свои специфичности и со нему својствени

внатрешни законитости. Да нема недоразбирање, треба веднаш да предупредиме на фактот дека дисконтинуитетот на општествениот развој не е апсолутен (доколку би го носел тоа својство тогаш нема да има континуитет). А тоа значи, дека ниту еден нов облик на производство не може во потполност да го негира претходниот. Во новиот облик продолжуваат да егзистираат законитости кои се својствени на сите облици на производство, но со таа забелешка дека тие законитости, на кои Маркс им дава квалификатив на природни закони, не можат да се укинат, но „во различни историски ситуации можат да го променат само обликот во кој дејствуваат тие закони“. („Капиталот“ I).

Не е на одмет ако овде потсетиме на Марксовата значајна мисла искажана во врска со претходното, во „Прилогот кон критиката на политичката економија", а која гласи:

> „Никогаш определена општествена формација не пропаѓа пред да бидат развиени производните сили до тој степен што таа не им дава простор за нивен понатамошен развој, и никогаш, новиот повисок облик на производство не настапува пред да се создадат одредени материјални услови за негова егзистенција во пазувите на самото старо општество. Затоа човештвото секогаш пред себе си ги поставува само оние задачи што може да ги реши, бидејќи ако трезвено помислиме секогаш ќе откриеме дека самата задача се раѓа само таму каде што постојат материјални услови за нејзино решавање, или барем се наоѓаат во процес на нејзино настанување“.

Се чини дека оваа Марксова мисла е мошне поттикнувачка и инспиративна за нашево разгледување, токму од гледиштето на континуитетот и дисконтинуитетот на развојот на човечкото општество. Првата опсесија која се наметнува е дека тој општеството го сфаќа како мошне сложена структура која е во постојан развој и постојани трансформации, што произлегува од неговите напред споменати тврдења — дека елементите на идната општествена формација се зачнуваат во рамките на постојниот начин на производство; како и дека некои категории настанати во претходната општествена формација рецидивираат и во новиот облик на производство и во новите општествени односи. За нашава општествено-историска стварност, од посебно значење е и онаа мисла на Маркс, кога тој предупредува дека човештвото си ги поставува пред себе само оние задачи за кои постојат материјални претпоставки за нивно решавање, односно, се наоѓаат во процес на настанување. Тука се срекаваме со две историски ситуации. Првата е кога за решавањето на пос-

тавената задача веќе постојат материјални услови, а втората, кога тие услови не постојат но се наоѓаат во процес на настанување. За нашиов општествена практика е индикативна и поттикнувачка вторава ситуација, бидејќи таа има и определени импликации врз процесот на социјалистичката преобразба на општеството.

Заради поголема аргументираност на нашево разгледување на процесот на преобразбата на нашето општество во контекстот на претходно изложените Марксови идеи, нужно е нашево внимание на овој план да го сосредоточиме и кон следниов негов јасен и концизен став, кој гласи:

> „Тука имаме работа со комунистичко општество не какво што се р а з в и л о врз своја сопствена основа, туку, обратно, со такво кое штотуку *се раѓа* од капиталистичкото општество; со комунистичко општество кое во секој поглед, во економски, морален, духовен, носи со себе траги на старото општество од чија утроба излегува". („Критика на Готската програма").

Тука од посебено значење за нашава тема на расправа е прашањето на рецидивите на старото општество кои сè уште егзистираат во новото како закономерност во движењето на општеството. Или како што вели Ленин експлицирајќи го горниот Марксов став, дека „и Маркс не случајно тутнал парче од буржоаското право во комунизмот, туку зел она што економски и политички не може да се одбегне и во општеството кое произлегува од у т р о б а т а на капитализмот". „(Држава и револуција").

Сметаме дека погоре спомнатите сфаќања мораме да ги имаме предвид кога вршиме анализа на нашиот развој и на афирмацијата на социјалистичките самоуправни односи, посебно на планот на улогата на државата и државната организација и процесот на нејзиното одумирање, каде што со посебен акцент се изразува противречноста на нашето општествено битие, Но, за тоа подоцна.

Најпрвин да видиме во што е суштината и смислата на самоуправувањето.

Како што видовме, во Марксовиот теоретски опус преовладуваат главно три основни прашања кои посебно го окупираат неговото внимание; што е човекот, во каква положба се наоѓа човекот во епохата на класните општества, и каква е иднината на човекот и неговиот свет, на човековото општество? Човекот како творечко и самотворечко суштество на практиката, произведувајќи го својот сопствен свет, човечкото општество, едновремено ја произведува и својата сопствена општествена

природа. Тој е севкупност на општествени односи, за што поопширно стана збор во претходните излагања.

Општиот Марксов став за светско-историската улога на пролетаријатот како субјект на општочовечкото ослободување и надминување на човековото отуѓување е воспоставувањето самоуправна асоцијација, односно автентична човечка заедница. Зборувајќи за новиот модел на општествената организација на пролетаријатот, тој пишува:

> „Во текот на развитокот работничката класа на местото на старото буржоаско општество ќе постави таква асоцијација која ќе ги исклучува класите и нивните спротивности и повеќе нема да има вистинска политичка власт, бидејќи политичката власт е официјален израз на спротивностите во буржоаското општество" („Беда на филозофијата").

Значи, изградувањето на слободна асоцијација, како перманентен револуционерен процес, има за претпоставка укинувањето на класните разлики воопшто, укинување на сите односи во производството кои тие разлики ги предизвикуваат, укинување на сите општествени односи кои одговараат на тие односи на производство. Самоуправната заедница на трудот како автентична човечка заедница е таква форма на општествена организација во која работничката класа станува носител не само на новиот начин на материјалноото производство, туку и на новиот начин на производство на севкупниот општествен живот. Значи, Маркс во конципирањето на „заедницата на производители" како облик на општествена организација, укажува на тоталитетот на процесот на конституирањето на општеството во самоуправна асоцијација на производител кој треба да ги опфати сите сфери, од материјалното производство до сите други области на општествената дејност во кои се применува здружениот труд.

Самостојноста на работничката класа, изразена како револуционерно дејствување засновано врз самопремени, надминување и самонадминување, чија крајна цел е ослободување на трудот и конституирање заедница на производители, иманентна му е на самоуправувањето. Самоуправувањето чии основи се воспоставени кај нас, и во теоријата и во практиката, претставува конкретен облик на историскиот процес на општественото ослободување на трудот и суштествен фактор за репродукција на слободна човечка личност, за репродукција на социјалистичките односи, како и репродукција на социјалистичкото општество. Така сфатено самоуправувањето претпоставува изградување таков систем на односи во кој самите работници поврзани во процесот на трудот непосредно управуваат со средствата,

условите и резултатите на својот труд, остварувајќи на тој начин сè поголема контрола и врз севкупните општествени услови на својата егзистенција во потесната и поширокata заедница.

Така сфатено самоуправувањето во своја суштина значи реализација на фундаменталните цели на социјалистичката преобразба на општеството. Тука во прв ред доаѓа укинувањето на секој вид на наемен однос кој работникот го става во положба да се однесува исклучиво како продавач на својата работна сила; во положба на подреденост и обезличеност во сферата на општественото производство и распределбата како базична област врз која темели севкупниот општествен живот. Тоа значи, тој да престане спрема својот труд да се однесува како спрема стока, која има определена цена, и трудот да го сфати како дел од својата човечка дејност. Трудот за да има карактер на лична дејност, потребно е во најголема можна мера да се отстранат последиците на технолошката поделба на трудот, раситнувањето на работите и затапувањето на човекот како производител. Потребно е работникот да ги прошири своите функции до сите оние видови што ги врши како колективно тело во производството, од извршните мануелни потфункции до највисоките управувачки функции, што е претпоставка за сестран и полн развиток на работниковата личност.

Во услови на самоуправни продукциони односи трудот станува слободен, а општеството како целина сè повеќе се конституира во заедница на производители, во која сите се заинтересирани за што порационално управување се стварите и за што попродуктивна работа. Со развивањето на самоуправувањето средствата за производство го губат својството на самостојна економска сила одвоена од работникот; управувањето со трудот нема карактер на власт над работниците; кооперацијата во процесот на трудот како и располагањето со резултатите од трудот станува функција на симите работници. Основното мерило за остварувањето на самоуправувањето е степенот во кој учеството во здружениот труд претставува темел за рамноправно и непосредно учество во управувањето и со самиот процес на трудот и со сите други работи на потесната и поширокata општествена заедница. Вистинската слобода тука, пред сè, се изразува во правото и можностите работникот суверено да одлучува за сите прашања на своето социјално живеење и опстојување. Во самоуправната демократија работникот станува основен чинител и творец во општеството кој самостојно ги оценува своите материјални и други можности и пред себе поставува реални цели и задачи кои одговарат на неговите потреби и интереси. Сфатено во тој контекст, самоуправувањето, надвор од секакво сомнение претставува своевиден конкретен облик на историскиот процес на ослободувањето на трудот (работникот). Смислата на ослободувањето на трудот се огледа во тоа, да се

надминат општествено-економската нееднаквост и зависноста на луѓето во сферата на трудот, да се премавне секаков вод на наемни односи како своевиден израз на спротивностите меѓу трудот и капиталот и вистинската отуѓеност на работникот од средствата за производство. Токму во системот на социјалистичкото самоуправување, во услови на власт на работничката класа и општествена сопственост над средствата за производство, се создаваат реални општествени перспективи за наполно ослободување на човекот од секаква експлоатација и самоволие, за сестран развиток, и слободно изразување и заштита на неговата личност. Врз тие основи се воспоставуваат односи меѓу луѓето како слободни и рамноправни производители и творци. Се поттикнува слободната иницијатива во развивањето на производството и другите општествени и лични дејности во полза на работниот човек и општествената заедница.

Основната смисла на самоуправувањето како конкретен облик на историскиот процес на ослободувањето на трудот е на човекот — производител да му се овозможи без ограничување и оневозможувања да ги контролира условите, средствата и резултатите на сопствената работна активност. Ослободувањето на трудот како најдлабока хумана содржина и историска перспектива на самоуправувањето станува стварност токму тогаш кога здружените работни луѓе ќе ги ставаат под своја заедничка контрола и во своја служба сите свои сили и потенции и сите тековини коишто ги создава нивниот заеднички труд и кога, врз таа основа, секој поединец доаѓа во можност да се развива и потврди како сестрано развиена човечка личност.

Lazar NIKODIMOVSKI

## SELF-MANAGEMENT AND THE EMANCIPATION OF LABOUR ACCORDING TO MARX

Summary

A self-managing society is an attempt to reflect the disappearence of the class-system .The setting up, the affirmation and the further development of the self-managing society in Yugoslavia is a progressive change of the modern society, and is in accondance with Marx's ideas.

Acconrding to Marx's view of history the main social relations are besed on man's labour and on the permanent accumulation of labour, labour experience, knowledge and the means of communication. Such social relations are reflected and coincide with the achievements attained in the technical, economical, political and cultural developments of the society.

It is known that Marx treats private property of the means and conditions of labour as the basic instituton of the class capitalistic society. In fact, it sets out the position of labour of not possessng its means and such an implication isreflected in the hiring of labour; which is the principal characteristic of relations of production in capitalism. The organization of the working process and the relations within it are the properties of the owners of the means of production who take over all the benefits of the working process. However, the process of emancipation of labour and the process of overcoming the capitalistic mode of production involve the transformation of the roles of the workers into actve participants in the process of production. Such change in the role of the workers presupposes their full participation in the organization and the decision — making of the production process.

Therefore, even when Marx taught that the basis ot fhe future society as being a „comunity of workers", he never forgot to emphasize the importance of labour. Marx stated that a future society would be based on a free association of labour and the social means of production, and on a collective control of the associated workers of the whole process of social reproduction That idea supposed that the workers would participate in the organization and the management of the proces of labour; their participation in the process of creating of incomes, its realization and use.

In this context, the self-management and the self-managing relations would undoubtedly be a new and higher form of socialization of the means of production and the conditions of labour, as well as the most advanced concept and form of radical change of the position of the worker in the whole process of labour and of management. With the change of the system the worker completely changes his position in the working process so that he becomes an active subject of the process, involving himself in the planning, the realization and the control of the entire production. Consequently, it may be stated that sels-management is a concrete, historical process of the emencipation of labour, which, without any limits, enables the worker to control, and to determine the conditions, the means and the results of his labour. The emancipation of labour would be effected when the associated worker control the results of their labour and when every individual would be permitted to develop and affirm himself as a complete and rational person.